ZAJEDNICA UDRUGA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
MACEDONIAN COMMUNITY IN REPUBLIC OF CROATIA

CROATIA, ZAGREB, MASARYKOVA 16/1, ☎ +385 1 48 72 655, ☎/FAX +385 1 48 72 655
Žiro račun 2340009-1100038804, http://pubwww.srce.hr/makedonci-rh

Урброј: ЗМ - 24-1/2002
Загреб, 23.04.2002.

# З А П И С Н И К

од **11-наесетата седница** на Управниот одбор на Заедницата која се одржа на ден 19.04.2002 г. со почеток во 11,15 часот во просториите на Заедницата во Загреб.

Присутни: Илија Христодулов, Иван Качуров, Благоја Јовановски, Славица Сагадин, Јован Карпузовски, Ксенија Лазарова Јурановиќ (по полномоштво на Весна Илиева - председателка на МКД Македонија - Сплит) и Никола Илиевски.
Гости: Марина Грбавица и Марјан Гиговски - членови на НО и Горан Стојковски.

Со седницата председаваше председателот на Заедницата -Илија Христодулов.
По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број ченови за донесување на правно важечки одлуки се пристапи кон утврдувањето на предложениот дневен ред по предлогот на председателот - Илија Христодулов и предлогот за дополнување на истиот од страна на потпредседателот - Б.Јовановски кој известри дека тој предлог го испратил до сите друштва.
По читањето на предложениот дн. ред г-динот И.Качуров истакна дека треба да се оди по тој дн. ред и да тој не се сложува со предлогот на г-динот Јовановски.
Г-ѓата С. Сагадин го праша г-динот Јовановски до кога ќе се гледа само назад и редложи да се оди напред. Исто така и г-динот В. Карпузовски се спротивстави на предлогот од г-динот Јовановски и го постави прашањето- зошто се тие тука -дали да ја држат или да ја растурат Заедницата? и предложи да се престане со кавѓите.
Председателот истакна дека сите треба да доаѓат заради работата на Заедницата и да не смее да се ремети редот, да се почитуват одлуките и ѓи запозна присутните дека г-динот Јовановски на допис за Уредот се потпишал како председател. На тоа г-динот Јовановски даде образложение дека се работи за грешка.
После долгата и тешка расправа по оваа прашање повеќето членови се сложија дека предложените точки за дополнување на двевниот ред се опфатени во предложениот дн. ред, а останатото може да се уврсти во точка Разно и **со гласање ( 5 гласа - за и 2 - гласа против ) членовите на УО го прифатија и седницата почна со работа по следниот**

## Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Усвојување на записникот од 10-тата седница.
2. Рзгледување на дописите пристигнати од Уредот за нац. малц. и донесување на одлуки во врска со истите.
3. Утврдување и донесување - Финанцијски план на Заедницата за 2002 г.
4. Разгледување и усвојување на заклучоците од состанокот на колегиумот на УО.

5. Конечен предлог на кандидатите за доделување на признанија.
6. Разгледување и донесување на одлука по предметот од МКД Македонија -Сплит.
7. Разгледување и донесување на одлука по предметот од г-динот Б. Јовановски.
8. Разгледување и донесување на одлука по предметот од Мак.-хрватско друштво од Битола.
9. Разно.

**Ад. 1.** По оваа точка на дневниот ред г-динот Б. Јовановски ѓи изнесе своите примедби и по расправата **УО со гласање ( 5 гласа -за и 2 гласа -против ), го усвои записникот од 10-тата седница.**

**Ад. 2.** Председателот најпрвин го прочита дописот во кој Уредот за нац. малцинства известува дека од страна на Стручниот совет на Уредот се прифаќа Извештајот на Заедницата за остварените програми и потрошените средства во 2001. г. Врз основа на тоа за Заедницата се одобрени средства за 2002 г. што е прикажано во Изводот од решението на Владата на РХ и потврдено со Уговорот за финанцијска помош. Председателот ги запозна присутните со тоа што врз основа на одржаниот состанок со предстојницата на Уредот - Мила Шимиќ и прифаќањето на Извештајот од страна на Стручниот совет се потврдува можноста за печатење на книгата на г-динот Б. Јовановски во оваа година и со таа цел ќе се испрати допис до Уредот за средствата. Исто така председателот ѓи информира членовите и за Моделот по кој се остваруват правата на нац. малцинства во кој се дадени Критериумите за утврдување на финанцијска помош и Методологија по која се прати остварувањето на програмите и нагласи дека сите ние треба да се трудиме што поквалитетно да ѓи реализираме програмите во оваа година.
Понатаму, председателот ѓи запозна членовите и со тоа што Уредот во оваа година уведува новост во начинот на печатењето како за Македонски глас така и за печатењето на книгите, така што Уредот за печатење го избрал Вјесник д.д. во Загреб и средствата за печатење и дистрибуција Уредот ќе ѓи дозначи директно до Вјесник, а само средствата за хонорари ќе бидат доставени до Заедницата. Сето тоа е потврдено со Анекс уговорот кој се применува од 15.04.2002 г.
После тоа г-ѓата С. Сагадин изнесе дека има критики во врска со списанието Македонски глас од страна на г-динот Алдо Климан што во целост ѓи прочита председателот, а исто така ја прочита и биографијата на г-динот .А.Климан (составен дел на записникот ).
Г-динот Б. Јовановски се спротистави на изнесените критики и истакна дека списанието го пофалил академикот Гане Тодоровски.
Понатаму, г-ѓата А. Рабузин побара од г-динот Б. Јовановски да одговори зошто не е направена примопредаја на документацијата за М. глас во 2000 за што тој пишува во Записникот од состанокот на редакцијскиот одбор, понатаму да одговори како г-динот Б. Јовановски знае дека било заштедено 35 000 кн во 2000 г. а уштедено и во 2001 г. од средствата за М. глас -за каква уштеда се работи кога се знае дека во 2001 г.средсвата од Уредот се за печатење на 1000 примероци за секој број, а печатено е само по околу 650 примероци?. Г-динот Б. Јовановски одговори дека не е направена примопредаја затоа што немало документација за М. глас за 2000 г. но било уштедено и со тие средства биле подмирени трошковите на печатницата во Самобор, а за печатечето на М. глас во 2001 г. одговори дека е исто и за печатење на 1000 и 650 примероци.
После исцрпната расправа по оваа точка на дневниот ред **УО едногласно ги**

**прифати сите дописи од Уредот, донесе едногласна одлука да и понатаму во оваа година главен уредник биде г-динот Б. Јовановски, а лектор и понатаму да биде г-ѓата А. Гулевска Хајдиќ и како втор лектор УО едногласно го избра г-динот А. Климан.**

**Ад. 3.** По оваа точка на дневниот ред во врска со печатењето на книгата од г-динот Б. Јовановски се дефинира рокот за добивање на средствата да се извести Уредот да тоа биде до 15.05.2002 г. После тоа **УО донесе едногласна одлука - се прифаќа предложениот финанцијски план на Заедницата за 2002 г.**

**Ад. 4.** Членовите на УО се сложија дека во меѓувреме еден дел од предлозите се и реализирани ( Записник од одржаниот состанок на редакцијскиот одбор на М.глас), а останатото да се разгледа под точка Разно и се помина на наредната точка.

**Ад. 5.** После дискусијата по оваа точка членовите на УО се сложија дека придонесот на сите предложени за доделување на признанија не е ист, па затоа и формата на признанијата не смее да биде иста за сите. **Членовите на УО се договорија да г-динот И. Качуров направи друг облик на признанија, а секое друштво да напише и достави конечен предлог со назнака за каков вид на признание се предложува секоја личност.**

Присутните се договорија да се покани амбасадорот - Сервет Авзиу пред заминувањето од РХ и во знак на добрата соработка да му се поклони карикатура ( за набава на истата го задолжија г-динот И. Качуров ), опростувањето да се приреди во просториите на Заедницата, секое друштво во свој трошок да присуствува со неколку членови, а према можностите секој член да донесе нешто за јадење или пиење.

**Ад. 6.** Председателот -И. Христодулов нагласи дека сите наводи од дописот на друштвото од Сплит се неточни и злонамерни и за сето тоа даде опширно образложение. Г-динот И. Качуров исто така опширно ѓи запозна членовите на УО за сето тоа и на крајот истакна дека се работи за наместување за што г-динот И. Христодулов нити не знаел, а сигурно таа игра не е од страна на овој УО.
Г-ѓата С. Сагадин постави прашање- кој има право на нејзиното друштво како и на другите друштва да одредува кого да се поканува како гост? на што членовите на УО одговорија - никој нема такво право.
После сето тоа **г-ѓата К. Лазарова Јурановиќ истакна дека го прифаќа изнесеното образложение и во свое име изрази извинување и нагласи дека за сето оваа ќе го информира УО на своето друштво.**
Г-динот Н. Илиевски предложи**, а останатите предлогот го прифатија, - да во иднина се практицира во напишана форма се предаде и изнесе излагање кое е посебно важно, заради полесно составување на записниците.**

**Ад. 7.** По оваа точка на дневниот ред членовите на УО поведоа широка расправа која на моменти беше посебно мачна. Г-динот Јовановски опширно ѓи изнесе своите ставови, критики и барање за плаќање на патните трошкови и трошкови за спиење за 06.03.2002 г.... Г-динот Качуров ѓи запозна присутните со целосната ситуација во врска со случајот на г-динот Б. Јовановски нагласувајќи дека тој постојано испраќа писма, дека кога бил состанокот на редакцијскиот одбор на М. глас ја навредил г-ѓата А. Рабузин, понатаму истакна тој дека за трошковите за кои г-динот

Јовановски бара пари не е извршена наплата бидејќи за тоа нема никаков налог,... Исто така и г-ѓата Рабузин опширно ги запозна присутните со начинот на кој г-динот Јовановски веќе подолго време го ремети работењето на Заедницата бидејќи не ѓи почитува одлуќите на УО на кој и самиот е член, се обраќа до друѓите институции, до членовите на УО, на НО итн. со критики, понатаму истакна таа дека г-динот Јовановски неколку пати има доаѓано во Заедницата во врска со документацијата за М. глас, што му е и овозможено и платене патни и дневни трошкови, ...Председателот прочита дел од чл. 11. од Статутот на Заедницата во кој се вели дека секој од членовите треба да го чува достоинството и угледот на Заедницата, а дека со своето понесување г-динот Јовановски тоа го крши.
Во наредниот тек од расправата понатаму членовите изразија мислење да се упати барање до УО на друштвото од Осиек да предложи друг член на УО на Заедницата, но на крајот **членовите се сложија и побараа да г-ѓа М. Грбавица го извести УО на друштвото од Осијек за оваа ситуација, а патните и трошковите за спиење да не се плаќат додека не се види целосната ситуација во врска со сето тоа.**

**Ад. 8.** Во врска со барањето и предлогот на МХД од Битола **членовите на УО се сложија дека Заедницата нема можност за таква соработка од материјална причина и дека секое друштво доколку изнајде можност за таква соработка да самостално контактира и договара со друштвото од Битола.**

**Ад. 9.**
- Г-динот Г. Стојковски опширно го извести УО за се што е направено за Web-страницата на Заедницата и што е потребно уште да направат некои друштва. Тој посебно истакна дека за тоа добил и интервју од председателот на РХ - С. Месиќ и дека за сето тоа ќе биде снимен прилог за Призма. Понатаму истакна дека во таа работа му помогнала г-ѓата А. Цако Арежина, а членовите на УО го подсетија дека за новостите од друштвата треба да ги контактира дописниците за М. глас кои на предходната седница се избрани да бидат членови на одборот за Web -страницата. ( Со таа цел ќе се достави список на дописниците за г-динот Стојковски ). Понатаму г-динот Стојковски побара да се реши прашањето за финансирањето во иднина, а истакна дека можеби еден дел од тие трошкови ќе биде покриен од страна на донатори.
**Членовите на УО се договорија да секое друштво подмири еден дел од трошковите за понатамошното одржување на Веб -страницата ( што би било околу 500,00 кн за секое друштво годишно ), а во тоа да биде и хонорарот на лицето кое би извршило превод на англиски кога би било потреба за тоа и хонорар за лицето задолжено за одржување на Веб страницата со кое би се склопил Уговор о дјелу. УО донесе одлука да со Веб- страницата се стартува од Велигден -05.05.2002 г.**
Членовите на УО изразија благодарност за сето тоа што направи г-динот Стојковски за отварањето на Веб- страницата на Заедницата.
- Г-ѓата С. Сагадин ги запозна присутните со програмата на друштвото од Пула во блиската иднина.
- Г-ѓата А. Рабузин ги извести присутните дека списанието Македонија сеуште не се печати и дека сите заинтересирани можат да се претплатат (годишната претплата за еден примерок е 50 американски долари, што заедно со услугата на банката за претплата, би дошло околу 520,00 куни ).**Членовите на УО се договорија Заедницата посебно да не се предплатува на тоа списание за година, а секое друштво самостално да одлучи дали ќе се претплати.**

- Г-ѓата А. Рабузин ги запозна членовите на УО со досегашната работа извршена од нејзина страна за уредувањето на документацијата на Заедницата нагласувајќи дека во однос на затечената ситуција сега сите документи се одложени во регистри и се наоѓат во просторијата означена со бр 4.
- **Членовите на УО го прифатија предлогот на г-ѓа А. Рабузин да секое друштво се задолжи со одреден број на книѓи печатени досега од Заедницата и да ѓи продава во своите простории и на разните култ. манифестации со цел и на тој начин да се соберат некои средства за реализација на програмите, а и да се приближи книгата до нашите членови - читатели.**

Седницата заврши во 17,30 часот.

Записничарка:
Анка Рабузин

Претседател:
Илија Христодулов

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ZAGREB
ЗАГРЕБ